СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

Дирекцијата за човечки ресурси за потребите на **Сектор за внатрешна ревизија,** објавува

**ОГЛАС**

за ангажирање **еден (1)** извршител на работното место **Постар ревизор, Сектор за внатрешна ревизија**

**Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:**

- Факултетско образование
- Најмалку 5 години работно искуство во ревизија или банкарство.
- МС Office, Internet
- Англиски јазик

**Лични карактеристики и вештини потребни за работното место**

- Способност да работи повеќе активности симултано,
- Организациски способности,
- Способност да предлага рокови за извршување,
- Да покажува иницијативност, да предлага решенија, да прави проценка за важни прашања за СВР,
- Да интерпретира и применува легислатива, политики и процедури,
- Да биде дискретен и доверлив,
- Тимска работа,
- Креативност,
- Обсервациски и комуникациски вештини,
- Покажува почит и чувство за културна толеранција
- Добри општи технички познавања.

**Дел од работните задачи и одговорности на работното место:**

►Ја надгледува имплементацијата на интерните процедури и политики, интерните и екстерните правилници,
►Редовно ги следи законските прописи,
► Врши оценка на соодветноста и ефективноста на системите на внатрешна контрола,
►Врши оценка на спроведувањето и ефективноста на процедурите и методологиите за управување со ризиците,
►Врши оценка на поставеноста на информативниот систем,

►Врши оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи,
►Врши комплексни анализи во повеќе сегменти од банкарските активности,
►Врши контрола на работењето на сите организациони структури на банката, вклучително и експозитурите, во согласност со политиките и процедурите на банката,

►Врши увид во системите на банката кои обезбедуваат нејзина усогласеност со законските барања, Етичкиот кодекс и примената на политиките и процедурите,,
►Спроведува индивидуални ревизии во согласност со годишниот план за работа на Секторот за внатрешна ревизија,
► Изготвува извештаи од спроведените ревизии кои вклучуваат утврдени наоди, причини, импликации, оценка на ризикот и препораки,
►Учествува во дискусии по однос на наодите од спроведените ревизии со менаџментот на банката, дава препораки на надминување на утврдените слабости и подобрување на процесите и спроведува проследување на имплементацијата на договорените активности,
►Учествува во службена комуникација со НБРСМ и останатите надворешни регулаторни институции и соработници,
►Извршува задачи и други обврски доделени од страна на Директорот на Секторот за внатрешна ревизија

Потребата за ангажирање на еден извршител на ова работно место се однесува за работно место со договор на неопределено време со полно работно време и плата по договор во зависност од компетенциите, стручноста и квалитетот на кандидатот.

Заинтересираните кандидати да испратат мотивациско писмо и кратка биографија (CV) на македонски јазик на следната адреса: hr@stbbt.com.mk со назнака во Subject „**Постар ревизор“** . Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју. Огласот трае до пополнување на работната позиција.
.